**Г р а д   С к о п ј е**

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за заштита на животната средина

**Претставник:** Секретар на Град Скопје

**Повереник:** Помошник раководител на Сектор за заштита на животна средина

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
## за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани на подрачјето на градот Скопје за купување велосипеди во 2023 година

Скопје, мај 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија број 05/02) , а во врска со Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.07/23) Советот на Град Скопје, на __________ седница, одржана на ___________ 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани на подрачјето на градот Скопје за купување велосипеди во 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука, Град Скопје го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување на велосипеди во 2023 година.

**Член 2**

Поединечна субвенција за купување велосипед по лице се утврдува во максимален износ од 4.000,00 денари по лице, во кој е вклучен данок на личен доход.

Доделувањето на поединечната субвенција се врши врз основа на доказ дека е извршено купување на еден нов велосипед од Република Северна Македонија, и тоа со оригинал фискална сметка издадена во Република Северна Македонија, со датум од 01.01.2023 година се до исцрпувањето на буџетот наменет за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување велосипеди, но не подоцна од 31.10.2023 година, при што задолжително е велосипедот да е целосно отплатен. Плаќањето на рати не се прифаќа.

**Член 3**

За субвенционирање на граѓаните на подрачјето на градот Скопје при купување велосипед се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Град Скопје за 2023 година, во Програма Р1 Заштита на животната средина, Буџет на Сектор за заштита на животната средина Р1 во вкупен износ од 6.000.000,00 денари.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓани на подрачјето на градот Скопје за купување на велосипеди.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ___________

__.__.2023 година

Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ,

Трајко Славески

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на оваа одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), со кој е уредена надлежноста на Советот на Град Скопје да носи одлуки. Согласно Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.07/23), една од предвидените активности е субвенционирање на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување велосипеди во 2023 година.

Според податоците од Министерството за животна средина и просторно планирање сообраќајот продолжува да биде значаен извор на емисија на високи количества загадувачки супстанци. Во нашата земја, најголеми количини на емисии на азотните оксиди се емитираат од категоријата транспорт со 39% од вкупните емисии. Согорувањето на фосилните и биогоривата кај моторните возила го намалуваат квалитетот на амбиентниот воздух бидејќи дополнително емитираат и ПМ честички кои достигнуваат високи концентрации во градот Скопје. Сообраќајот претставува значаен извор во концентрациите на суспендирани честички и се проценува дека придонесува за 16-19% во вкупните концентрации на суспендирани честички во градот.

Со донесувањето на предложената одлука Советот на Град Скопје во рамките на своите законски надлежности придонесува кон намалување на интезитетот на сообраќај во градот во однос на возилата на фосилни горива. Со ова се намалуваат емисиите на штетните честички во воздухот и се унапредува квалитетот на животната средина.

Со предложената одлука, Советот на Град Скопје го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за набавка на велосипеди во 2023 година во максимален износ од 4.000,00 денари по лице во кој е вклучен данок на личен доход и воедно го овластува Градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување велосипеди.

За реализација на овој проект, во Буџетот на Град Скопје за 2023 година во Програма Р1, се предвидени 6.000.000,00 денари за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување велосипеди.

Од наведените причини се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе одлуката за определување на максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на подрачјето на градот Скопје за купување велосипеди во 2023 година.